СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# Специјални агенции на ЕУ за правда и внатрешни работи

- кратка информација-

Александра Стојановска Бизевска

Советник- истражувач по владеење на правото и демократија

јуни 2021 година

## СОДРЖИНА

**РЕЗИМЕ** ..... 3

**ВОВЕД** ..... 5

**Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (Frontex)** ..... 5

**Европска канцеларија за поддршка на азил (EASO)** ..... 7

**Европска агенција за оперативен менаџмент на големи ИТ-системи (EU-LISA)** ..... 8

**Европски институт за родова еднаквост (EIGE)** ..... 9

**Европски центар за следење на наркотиците и на зависностите од наркотици (EMCDDA)** ..... 10

**Агенција на Европската Унија за обука за спроведување на правото (CEPOL)** ..... 11

**Агенција на Европската унија за соработка при спроведување на законите (Europol)** ..... 12

**Европска агенција за основни права (FRA)** ..... 13

**Агенција на Европската Унија за кривично-правна соработка ( Eurojust)** ..... 14

**Мрежа на агенциите за правда и внатрешни работи (Justice and Home Affairs Agencies Network (JHAAN)** ..... 15

**ЛИСТА НА ИЗВОРИ** ..... 18

**РЕЗИМЕ**

Обезбедувањето на слободата, безбедноста и правдата е клучна цел на Европската Унија, и токму затоа во рамките на Унијата постојат специјални агенции на ЕУ за правда и внатрешни работи. Агенциите дејствуваат во областа на слободата, правдата и безбедноста и функционираат според системот на контроли, следење, балансирање и планирање на процесите, во областите за кои се надлежни. Оваа кратка информација ги обработува **деветте специјални агенции за правда и внатрешни работи на ЕУ**, и тоа Европската агенција за гранична соработка и крајбрежна стража - **ФРОНТЕКС**, Европската канцеларија за поддршка на процесот на азил - **ЕАСО**, Европската агенција за оперативен менаџмент на големи ИТ-системи **ЕУ-ЛИСА**, Европскиот институт за родова еднаквост - **ЕИГЕ**, Европскиот центар за следење на наркотиците и на зависностите од наркотици - **ЕМЦДДА**, Агенцијата на Европската Унија за обука на спроведување на правото - **ЦЕОПОЛ**, Агенцијата на Европската Унија за соработка при спроведување на законот - **ЕВРОПОЛ**, Европската агенција за основни права - **ФРА**, Агенцијата на Европската Унија за кривично-правна соработка, како и нивната **улога и надлежностите во спроведувањето на правдата и правата во земјите на ЕУ и контролните механизми во областа на внатрешните работи**. Во областа на чување на редот и внатрешната и гранична контрола, најмногу ингеренции имаат агенциите ФРОНТЕКС, ЕУ-ЛИСА, и ЕВРОПОЛ, додека во делот на право, правда и социјална политика, со најмногу надлежности се Агенциите ЕАСО, ЕИГЕ, ЕМЦДДА, ЦЕОПОЛ, ФРА И Агенцијата за кривично-правна соработка-ЕВРОЏАСТ. Сите Агенции на ЕУ се регулирани и основани со Регулативи на Европска Унија, изгласани од страна на Европскиот парламент. Работат во меѓусебна соработка и поврзаност со националните системи на земјите членки на ЕУ. Агенциите имаат **управувачка структура**, воспоставени **стратешки цели**, утврдени **надлежности и ингеренции**, и **годишни планови за работа**, кои секоја година се презентираат пред Европскиот парламент, Европската комисија и Европскиот совет. Специјалните агенции за правда и внатрешни работи се дел и од **Мрежата на агенции за правда и внатрешни работи - JHAAN (Justice and Home Affairs Agencies Network)**. Мрежата е основана во 2010 година, и истата **обединува девет агенции на ЕУ** кои работат заедно на широк спектар на теми поврзани со областа на слободата, безбедноста и правдата. Секоја година, со мрежата претседава различна агенција, членка на мрежата. Во овој контекст, **Мрежата на специјалните агенции (JHAAN) -** (ЦЕПОЛ, ЕАСО, ЕИГЕ, ЕМЦДДА, ЕУ-ЛИСА, ЕВРОЏАСТ, ЕВРОПОЛ, ФРА и ФРОНТЕКС), во согласност со нивните мандати, **имаат клучна оперативна и експертска улога во спроведувањето на приоритетите и целите на ЕУ** во оваа област. Агенциите на JHAAN и нивната континуирана поддршка, како и ефективно **спроведување на правото на ЕУ**, помагаат да се гради заедничка европска култура заснована на заемна доверба и тесна практична соработка. Тие, исто така, обезбедуваат **оперативна и техничка поддршка за земјите членки и институциите на ЕУ** и придонесуваат и понатаму, преку **интегриран систем во употребата на технологиите** во нивните области на дејствување.

## ВОВЕД

Предмет на оваа истражувачка работа се агенциите на ЕУ за правда и внатрешни работи, како и нивната вклученост во оперативните акциски планови како учесници во процесите, од областите за кои се основани, нивните стратешките цели и внатрешната организација. Тие, исто така, работат и учествуваат заеднички во конкретни оперативни активности, за кои постои континуирана меѓусебна соработка и непречена размена на информации. Непреченото функционирање и спроведување на правдата е од витално значење за ЕУ, а за тоа да биде применливо и имплементирано, клучна е меѓусебната институционална доверба и соработка. **Миграцијата, азилот, управувањето со границите, судската соработка, основните права, борбата против сериозен и организиран криминал, родовата еднаквост, вклучително и трговијата со луѓе**, не можат ефикасно да се решат доколку не постои постојано одговорно тело за работа и координација во областа, поврзаност со националните системи на државите, и координирана акција на специјалните агенции. Согласно тоа, формираните специјални агенции на ЕУ, се од исклучително значење и важност за Европскиот систем за правда и внатрешни работи, исто толку колку и воспоставената мрежа на агенциите за правда и внатрешни работи. Нивната тековна соработка и увид во ингеренциите, придонесува кон подигнување на довербата, свеста и одговорноста за спроведување на принципите за правда, право, мир, основни човекови права, како и правична социјална политика. Во таа насока, агенциите се од витално значење за спроведување на надворешната политика на ЕУ и играат релевантна улога преку обезбедување помош во градењето на капацитетите за спроведување на законите до нудење обука или споделување на знаење и најдобри практики.

Оваа истражувачка работа е изработена **по сопствена иницијатива**, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.*

### Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (Frontex)

Европската агенција за гранична и крајбрежна стража, Фронтекс е основана и работи согласно Регулативата (ЕУ) 2019/1896 од 13 ноември 2019 година за европската гранична и крајбрежна стража. Оваа регулатива ѝ обезбедува на Агенцијата засилен мандат и зголемени надлежности во споредба со Регулативата (ЕУ) 2016/1624, како што се Постојаниот корпус на Европската гранична и крајбрежна стража (прва униформирана служба на ЕУ). Фронтекс е резултат на напорите на Европа да се заштити областа на слободата, безбедноста и правдата. **Седиштето на Фронтекс е во Варшава, Полска**.[1] Фронтекс ги здружува земјите во управувањето на надворешните граници и заложбата на ЕУ во **борбата против прекуграничниот криминал**, и е надлежна за спроведување на **европска интегрирана граница**. Со оглед на нејзината улога, има тесна соработка со други агенции од областа на правдата и внатрешните работи, во сферата на гранично управување. Овие партнерства се клучни на многу начини. Некои од нив вклучуваат оперативни активности во одредени жаришта, воспоставуваат координација на оперативни активности во

[1]Интернетска страница на Фронтекс
https://frontex.europa.eu/about-frontex/legal-basis/ (пристапено на 10.6.2021)

контекст на циклусот на политики на ЕУ и редовна размена на разузнавачки информации поврзани со границата, состојбата на истата и анализа на ризик.[2] Фронтекс следи што се случува на надворешните граници, каде може да биде потребна поддршка и како да се реагира. **Фронтекс е чувар и движечка сила зад интегрираното управување со европските граници.** Унифицирани правила и стандарди се од суштинско значење за управување со надворешните граници, справување со миграциските предизвици и придонес кон безбедноста на Европа.[3] Мисијата на Фронтекс е заедно со земјите членки, да придонесуваат кон безбедни и функционални надворешни граници.[4]

**Стратешки цели на** Фронтекс се:

- намалување на ранливоста на надворешните граници врз основа на сеопфатна свесност за ситуацијата;
- гарантирање безбедно и добро функционирање на границите на ЕУ и
- планирање и одржување на можностите на Европската гранична и крајбрежна стража.[5]

**Управувачката структура** на Фронтекс се состои од :

- Управен одбор[6]
- Извршен директор.[7]

Според членот 6 од Регулативата на ЕУ за основање на Европската агенција за гранична и крајбрежна стража**,** Фронтекс одговара пред Европскиот парламент и пред Европскиот совет. Управниот одбор на агенцијата изготвува годишен извештај на активности и годишни и повеќегодишни програми за работа. Истите ги доставува до Парламентот и Советот. Извршниот директор на Фронтекс дава отчет пред нив, за текот на работата.[8] Советот и Парламентот, исто така, вршат финансиски надзор над буџетот на Агенцијата и се информирани за какви било значителни дополнителни финансиски потреби или барања за персонал што може да се појават поради одредени состојби на границите. Фронтекс има обврска за информирање на Европскиот парламент за работните аранжмани склучени со институциите, телата, канцелариите, агенциите и меѓународните организации на ЕУ. Фронтекс, исто така, одговара пред националните органи за гранична стража чии претставници се членови на Управниот одбор на Агенцијата.[9]

[2] Публикација „Правда на ЕУ и агенции за внатрешни работи 2018“ https://frontex.europa.eu/assets/Publications/General/JHA_agencies.pdf (пристапено на 10.6.2021)
[3]*ibid*
[4] Интернетска страница на Фронтекс https://frontex.europa.eu/about-frontex/our-mission/ (пристапено на 10.6.2021)
[5] Интернетска страница на Фронтекс https://frontex.europa.eu/about-frontex/who-we-are/foreword/ (пристапено на 10.6.2021)
[6] Интернетска страница на Фронтекс https://frontex.europa.eu/about-frontex/who-we-are/management-board/ (пристапено на 10.6.2021)
[7] Интернетска страница на Фронтекс https://frontex.europa.eu/about-frontex/who-we-are/structure/ (пристапено на 10.6.2021)
[8]Интернетска страница на Фронтекс https://frontex.europa.eu/accountability/how-we-are-accountable/ (пристапено на 10.6.2021)
[9]*ibid*

## Европска канцеларија за поддршка на азил (EASO)

Европската канцеларија за поддршка на азил, е агенција на Европската Унија, основана и регулирана со Регулативата (ЕУ) 439/2010 на Европскиот парламент и на Советот.[10] Европската канцеларија за поддршка на азил е основана со цел да помогне во **подобрувањето на имплементацијата на Заедничкиот европски систем за азил** (ЦЕАС-CEAS), до зајакнување на практичната соработка меѓу земјите членки и да обезбеди и/или да **го координира обезбедувањето оперативна поддршка на земјите членки подложени на посебен притисок на нивните системи за азил и прием**.[11] **Седиштето на Канцеларијата е во Малта**.[12]

**Цели на Канцеларијата се**:

- Да дејствува како центар за екпертиза за азил;
- Да придонесува за развој на заедничкиот европски систем за азил преку олеснување, координирање и зајакнување на практичната соработка меѓу земјите членки за многу аспекти на азил;
- Да им помага на земјите членки да ги исполнат своите европски и меѓународни обврски да им дадат заштита на луѓето во неволја;
- Да обезбеди практична и техничка поддршка на земјите членки и на Европската комисија;
- Да обезбеди оперативна поддршка на земјите членки со специфични потреби и на земјите членки чии системи за азил и прием се под посебен притисок;
- Да креира политики и законодавство на ЕУ, засновано на докази во сите области кои имаат директно или индиректно влијание врз азилот.[13]

**Управувачката структура** на Канцеларијата се состои од:

- Управен одбор и
- Извршен директор[14]

Годишните извештаи се презентирани пред Европскиот парламент, а по барање, и пред Европската комисија и Совет.[15]

---

[10] Регулатива на ЕАСО https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2010:132:0011:0028:EN:PDF (пристапено на 10.6.2021)

[11] Регулатива на ЕАСО https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2010:132:0011:0028:EN:PDF (Поглавје 1, член 1) (пристапено на 10.6.2021)

[12]Публикација „Правда на ЕУ и агенции за внатрешни работи 2018“ https://frontex.europa.eu/assets/Publications/General/JHA_agencies.pdf (пристапено на 10.6.2021)

[13]Интернетска страница на ЕАСО https://www.easo.europa.eu/about-us (пристапено на 10.6.2021)

[14] Интернетска страна на ЕАСО https://www.easo.europa.eu/about-us/management-board (пристапено на 10.6.2021)

[15]Регулатива на ЕАСО (Поглавје 4, член 29, став d) https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2010:132:0011:0028:EN:PDF (пристапено на 10.6.2021)

## Европска агенција за оперативен менаџмент на големи ИТ-системи (EU-LISA)

Агенцијата на Европската Унија за оперативно управување со големи ИТ-системи во областа на слободата, безбедноста и правдата е основана и работи согласно Регулативата (ЕУ) бр. 1077/2011 на Европскиот парламент и на Советот. Во 2018 година, статусот на Агенцијата беше зајакнат со нова регулатива (ЕУ) 2018/1726 на Европскиот парламент и на Советот.[16] **Седиштето на ЕУ-ЛИСА се наоѓа во Талин, Естонија, со оперативна единица во Стразбур.**[17] Агенцијата им обезбедува **континуирана поддршка на земјите членки во нивните напори за побезбедна Европа, преку технолошко-оперативно управување со големи ИТ-системи во областа на слободата, безбедноста и правдата**. Агенцијата, исто така, нуди и долгорочно решение за оперативното управување со големи ИТ-системи, кои се основни инструменти во спроведувањето на политиката за азил, границата на ЕУ и политиката за управување и миграција.[18] Агенцијата **управува со 3. главни ИТ-системи** кои се занимаваат со визи, барања за азил и споделување информации за да се гарантира безбедноста на Шенген-зоната:

- Визниот информативен систем - ВИС ;
- Шенгенскиот информативен систем (СИС II) и
- Еуродак.[19]

**Цели на Агенцијата** се: [20]

- Да обезбеди висококвалитетни ефикасни услуги и решенија;
- Да изгради доверба меѓу сите засегнати страни и континуирано да се усогласат можностите на технологијата со развојот на потребите на земјите членки;
- Да расте како совршено развиен центар.

**Управувачката структура** на Агенцијата се состои од:

- Управен одбор;
- Извршен директор;
- Советодавни групи.[21]

Годишните програми за работа на Агенцијата, како и нацрт-планот за работа се доставува најдоцна до 31 јануари секоја година, до Европскиот парламент, до Советот и до Комисијата. Исто така, привремениот извештај за напредокот на

[16] Интернетска страница на ЕУ-ЛИСА https://eulisa.europa.eu/About-Us/Legal-Basis (пристапено на 10.6.2021)
[17] Интернетска страница на Европска Унија - ЕУ-ЛИСА https://europa.eu/european-union/about-eu/agencies/eu-lisa_en (пристапено на 10.6.2021)
[18] Публикација „Правда на ЕУ и агенции за внатрешни работи 2018“ - страница 2 https://frontex.europa.eu/assets/Publications/General/JHA_agencies.pdf (пристапено на 10.6.2021)
[19] Интернетска страница на Европска Унија- ЕУ-ЛИСА https://europa.eu/european-union/about-eu/agencies/eu-lisa_en (пристапено на 10.6.2021)
[20] Интернетска страница на ЕУ-ЛИСА https://eulisa.europa.eu/About-Us/Mandate-And-Mission (пристапено на 10.6.2021)
[21] Интернетска страница на ЕУ-ЛИСА https://eulisa.europa.eu/About-Us/Organisation (пристапено на 10.6.2021)

спроведувањето на планираните активности за тековната година се доставува до крајот на август секоја година до Европскиот парламент, до Советот и до Комисијата. [22]

**Европски институт за родова еднаквост (EIGE)**

Европскиот институт за родова еднаквост е основан и работи согласно Регулативата бр.1922/2006 на Европскиот парламент и Советот, на 20 декември 2006 година.[23] Европскиот институт за родова еднаквост (EIGE) е автономно тело на Европската Унија, основано за да **придонесе и да го зајакне унапредувањето на родовата еднаквост, вклучително и интегрирањето на родовата перспектива („мејнстриминг“) во сите политики на ЕУ и како резултат на тоа и во националните политики, како и да придонесе за борбата против дискриминацијата заснована врз полот и да ја подигне свеста на граѓаните на ЕУ за родовата еднаквост.**[24] **Седиштето на ЕИГЕ се наоѓа во Вилнус, Литванија**.[25]

**Цели** на институтот за 2019-2021 година се:

- Да се обезбедат високо квалитетни истражувања и податоци за поддршка на подобро информирање и донесување одлуки засновани на факти, од страна на креаторите на политики и други клучни чинители кои работат на постигнување на родова еднаквост.

**Управувачката структура** на институтот се состои од:

- Управен одбор;
- Форум на експерти;
- Директор.[26]

Управниот одбор на Институтот го усвојува годишниот извештај, кој најдоцна до 15 јуни го испраќа до Европскиот парламент, Советот, Комисијата, Судот на ревизори, Европскиот економски и социјален комитет и Комитетот на регионите, и тоа го објавува на веб-страницата на Институтот.[27]

[22] Поглавје 3, член 19 (став *q* и *s*) од Регулативата на ЕУ, бр. 2018/1726 на ЕУ- ЛИСА https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32018R1726 (пристапено на 10.6.2021)
[23] Регулатива бр. 1922/2006 на ЕИГЕ https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?qid=1435768861022&uri=CELEX:32006R1922 (пристапено на 11.6.2021)
[24] Интернетска страница на ЕИГЕ https://eige.europa.eu/about (пристапено на 11.6.2021)
[25] Интернетска страница на ЕИГЕ https://eige.europa.eu/about/contact-us (пристапено на 11.6.2021)
[26] Интернетска страница на ЕИГЕ https://eige.europa.eu/about/organisation (пристапено на 11.6.2021)
[27] Поглавје 10, член 6 (параграф б) од Регулативата бр. 1922/2006 на ЕИГЕ https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?qid=1435768861022&uri=CELEX:32006R1922 (пристапено на 11.6.2021)

**Европски центар за следење на наркотиците и на зависностите од наркотици (EMCDDA)**

Центарот за следење на наркотици и на зависности од наркотици е основан и работата е регулирана со последната измена на Регулативата (ЕЗ) бр. 1920/2006 година на Европскиот парламент и на Советот од 12 декември 2006 година. [28] Првата регулатива датира од 1993 година.[29] **Седиштето на Центарот се наоѓа во Лисабон, Португалија**.[30] Центарот им обезбедува на земјите членки на ЕУ**, фактички, објективни, веродостојни и компаративни информации на европско ниво во врска со наркотиците и зависноста од наркотици и нивните последици.** Исто така, собира, детектира и анализира информации за „трендовите во развој“, особено во употребата на повеќе наркотици и комбинираната употреба на дозволени и недозволени психоактивни супстанции, истовремено располага и со информации за најдобрите практики во земјите членки на ЕУ и ја олеснува размената на таквите практики меѓу нив.[31]

**Цели на Центарот се:**[32]

- Информирање за донесените одлуки во областа за наркотици;
- Создавање на високо квалитетна база на податоци на европско ниво;
- Утврдување на функционални методи;
- Обезбедување на рано предупредување од нови закани и случувања.

**Управувачката структура** на Центарот се состои од:

- Управен одбор;
- Научен одбор;
- Директор.[33]

Секоја година, директорот доставува до Европскиот парламент, генерален извештај за активностите на Центарот. Европскиот парламент, исто така, може да побара расправа со директорот и претседателот на Управниот одбор за која било тема во врска со активностите на Центарот.[34] Управниот одбор го усвојува годишниот извештај за активностите на Центарот и до 15 јуни го проследува до Европскиот парламент, Советот, Комисијата, Судот на ревизори и земјите членки.[35]

---

[28] Регулативата (ЕЗ) бр. 1920/2006 година на ЕМЦДДА
https://www.emcdda.europa.eu/system/files/attachments/12569/emcdda-recast-founding-regulation-2006.pdf (пристапено на 11.6.2021)
[29] Интернетска страница на ЕМЦДДА
https://www.emcdda.europa.eu/drugs-library/regulation-ec-no-19202006-european-parliament-and-council-12-december-2006-european-monitoring-centre-drugs-and-drug-addiction-recast
[30] Интернетска страница на Европска Унија (ЕМЦДДА) (пристапено на 11.6.2021)
https://europa.eu/european-union/about-eu/agencies/emcdda_en (пристапено на 11.6.2021)
[31] Интернетска страница на Европска Унија (ЕМЦДДА)
https://www.emcdda.europa.eu/about/mission (пристапено на 11.6.2021)
[32] Интернетска страница на Европска Унија (ЕМЦДДА)
https://www.emcdda.europa.eu/about/mission (пристапено на 11.6.2021)
[33] Интернетска страница на Европска Унија (ЕМЦДДА)
https://europa.eu/european-union/about-eu/agencies/emcdda_en (пристапено на 11.6.2021)
[34] Член12 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1920/2006 година на ЕМЦДДА
https://www.emcdda.europa.eu/system/files/attachments/12569/emcdda-recast-founding-regulation-2006.pdf (пристапено на 11.6.2021)
[35] Член 9, став 7 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1920/2006 година на ЕМЦДДА

**Агенција на Европската Унија за обука за спроведување на правото (CEPOL)**

Агенцијата на Европската Унија за обука за спроведување на правото, е основана и работи согласно последната Регулатива (ЕУ) 2015/2219 на Европскиот парламент и на Советот, од 25 ноември 2015 година.[36] **Седиштето на ЦЕПОЛ е во Будимпешта, Унгарија.**[37] ЦЕПОЛ **придонесува за побезбедна Европа преку олеснување на соработката и споделувањето на знаењето меѓу службените лица за спроведување на законите на земјите членки на ЕУ, и до одреден степен, од трети земји, за прашања што произлегуваат од приоритетите на ЕУ во областа на безбедноста**, особено, од делот на политика на ЕУ за сериозен и организиран криминал. **ЦЕПОЛ обединува мрежа на институти за обука за службеници за спроведување на законот во земјите членки на ЕУ** и ги поддржува во обезбедувањето обука на фронтот за безбедносните приоритети, соработката за спроведување на законот и размената на информации. ЦЕПОЛ, исто така, работи со тела на ЕУ, меѓународни организации и трети земји за да осигури дека најсериозните безбедносни закани се справуваат со колективен одговор.[38]

**Цели на Агенцијата** се:

- Превенција и борба против сериозен компјутерски криминал и тероризам;
- Одржување на јавниот ред и мир;
- Планирање и раководење со мисиите на ЕУ и градење на капацитети во трети земји;
- Имплементација и употреба на меѓународни и инструменти на ЕУ за соработка за спроведување на законот;
- Целосно почитување на основните права (на сите активности за спроведување на законите).[39]

**Управувачката структура** на Агенцијата се состои од:

- Управен одбор и
- Извршен директор.[40]

Управниот одбор, до 30 ноември секоја година донесува документ што содржи повеќегодишна и годишна програма за работа, врз основа на нацрт изнесен од Извршниот директор, земајќи го предвид мислењето на Комисијата во однос на повеќегодишното програмирање, и по консултација со Европскиот Парламент.

---

https://www.emcdda.europa.eu/system/files/attachments/12569/emcdda-recast-founding-regulation-2006.pdf (пристапено на 11.6.2021)

[36] Регулатива на ЕУ за регулирање на ЦЕПОЛ https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32015R2219&from=EN (пристапено на 12.6.2021)

[37] Интернетска страница на ЦЕПОЛ https://www.cepol.europa.eu/who-we-are/european-union-agency-law-enforcement-training/about-us (пристапено на 12.6.2021)

[38] *ibid*

[39] Публикација на ЦЕПОЛ https://www.cepol.europa.eu/sites/default/files/CEPOL_Leaflet_2020.pdf (пристапено на 12.6.2021)

[40] Интернетска страница на ЦЕПОЛ https://www.cepol.europa.eu/who-we-are/organisation/organogram (пристапено на 12.6.2021)

Управниот одбор го испраќа тој документ до Европскиот парламент, Советот, Комисијата и националните парламенти.[41]

**Агенција на Европската Унија за соработка при спроведување на законите (Europol)**

Агенцијата на Европската Унија за соработка при спроведување на законите, ЕВРОПОЛ, е основана и работата и е регулирана со Регулатива (ЕУ) 2016/794 на Европскиот Парламент и на Советот од 11 мај 2016 година, со која се врши замена и укинување на претходните одлуките на Советот 2009/371/ЈХА, 2009/934 / ЈХА, 2009 / 935 / ЈНА, 2009/936 / ЈНА и 2009/968 / ЈНА.[42] **Седиштето на ЕВРОПОЛ се наоѓа во Хаг, Холандија.**[43] Европол обезбедува **ефикасен одговор на ЕУ на заканите од сериозен меѓународен и организиран криминал, компјутерски криминал и тероризам во ЕУ, преку дејствување како главен центар за информации, обезбедување агилна оперативна поддршка и обезбедување европски полициски решенија во соработка со мрежата на партнери**.[44] Европол секогаш има на располагање најсовремени алатки и методи, вклучително и бази на податоци и комуникациски канали кои нудат брзи и безбедни можности за складирање, пребарување, визуелизирање, анализирање и поврзување на клучните информации. Сите бази на податоци и услуги на Европол се достапни за вработените и властите во земјите членки 24 часа на ден, седум дена во неделата.[45]

**Цели на Агенцијата се:**

- Услуга;
- Интегритет;
- Отчетност;
- Партнерство;
- Разновидност.[46]

**Управувачката структура** на Агенцијата се состои од:

- Управен одбор
- Директор и
- Заменици на директорот.[47]

---

[41] Поглавје 3, член 10, став 1 од Регулативата на ЕУ за регулирање на ЦЕПОЛ https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32015R2219&from=EN (пристапено на 12.6.2021)
[42] Регулатива (ЕУ) 2016/794 на Европскиот Парламент и на Советот за ЕВРОПОЛ https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?qid=1479897160399&uri=CELEX:32016R0794 (пристапено на 12.6.2021)
[43]Интернетска страница на Европска Унија (ЕВРОПОЛ) https://europa.eu/european-union/about-eu/agencies/europol_en (пристапено на 12.6.2021)
[44]Интернетска страница на ЕВРОПОЛ https://www.europol.europa.eu/about-europol/our-thinking (пристапено на 12.6.2021)
[45]Интернетска страница на ЕВРОПОЛ https://www.europol.europa.eu/activities-services/services-support (пристапено на 12.6.2021)
[46]Интернетска страница на ЕВРОПОЛ https://www.europol.europa.eu/about-europol/our-thinking (пристапено на 12.6.2021)
[47]Интернетска страница на ЕВРОПОЛ https://www.europol.europa.eu/about-europol/governance-accountability (пристапено на 12.6.2021)

Агенцијата одговара пред Советот на министри за правда и внатрешни работи, кој го сочинуваат релевантни министри од сите земји членки на ЕУ. Советот е одговорен за главната контрола и насоки на Европол и ги назначува извршниот директор и заменик-директорите на агенцијата.[48] Управниот одбор до 30 ноември секоја година донесува документ што содржи повеќегодишно програмирање и годишна програма за работа на Европол, врз основа на нацрт изнесен од извршниот директор, земајќи го предвид мислењето на Комисијата во врска со повеќегодишното програмирање, откако ќе изврши консултација со Заедничката парламентарна група за надзор на Европол-ЈПСГ (Joint Parliamentary Scrutiny Group on Europol). Управниот одбор го испраќа тој документ до Советот, Комисијата и ЈПСГ.[49]

### Европска агенција за основни права (FRA)

Европска агенција за основни права (FRA) е основана и работата е регулирана со Регулативата (ЕЗ) бр. 168/2007 на Советот од 15 февруари 2007 година, за формирање Агенција за основни права на Европската Унија.[50] **Седиштето на Агенцијата е во Виена.**[51] **Агенцијата собира и анализира закони и податоци; обезбедува независен, заснован на доказ, совет за правата; ги идентификува трендовите со собирање и анализа на споредливи податоци; помага за подобро креирање и спроведување на законите; ги поддржува одговорите на политиките во согласност со правата и ја зајакнува соработката и врските помеѓу субјектите на основните права.** [52]

### Цели на Агенцијата се:

Агенцијата има за цел да помогне во поефикасно промовирање и заштита на основните права низ цела ЕУ. За таа цел, се консултира и соработува со своите партнери за:

- собирање и анализа на информации и податоци преку социоправно истражување;
- обезбедување помош и стручни совети;
- воспоставување комуникација и подигнување на свеста за правата.[53]

**Управувачката структура** на Агенцијата се состои од:

- Директор
- Управен одбор
- Извршен одбор.

---

[48]*ibid*
[49]Поглавје 3, член 12, став 1 од Регулативата (ЕУ) 2016/794 на ЕВРОПОЛ https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?qid=1479897160399&uri=CELEX:32016R0794 (пристапено на 12.6.2021)
[50]Регулатива (ЕЗ) бр. 168/2007 на ФРА https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/351-reg_168-2007_en.pdf (пристапено на 13.6.2021)
[51]Интернетска страница на ФРА https://fra.europa.eu/en/about-fra/who-we-are (пристапено на 13.6.2021)
[52] Интернетска страница на ФРА https://fra.europa.eu/en/about-fra/what-we-do (пристапено на 13.6.2021)
[53] Интернетска страница на ЕУ – ФРА https://europa.eu/european-union/about-eu/agencies/fra_en (пристапено на 13.6.2021)

- Научен одбор[54]

Годишната програма на Агенцијата за работа се доставува до Европскиот парламент, Совет и Комисија.[55]

**Агенција на Европската Унија за кривично-правна соработка ( Eurojust)**

Агенцијата на Европската Унија за кривично-правна соработка, Европравда, е основана и работи и е уредена согласно Регулативата (ЕУ) 2018/1727 на Европскиот парламент и на Советот од 14 ноември 2018 година, со која се укинува Одлуката 2002/187/JХА на Советот.[56] **Седиштето на Агенцијата се наоѓа во Хаг, Холандија.**[57] **Улогата на Агенцијата е да помогне Европа да се направи побезбедно место преку координирање на работата на националните власти на земјите членки на ЕУ и на трети земји, во истрагата и гонењето на транснационалниот криминал.**[58] Приоритетни видови на криминал кои се под ингеренција на Агенцијата се:

- Тероризам;
- Интернет криминал;
- Трговија со луѓе;
- Трговија со дрога;
- Злосторства против финансиските интереси на ЕУ (кривични дела ПИФ);
- Криумчарење мигранти;
- Еколошки криминал;
- Перење пари;
- Местење и измама.[59]

**Цели на Агенцијата:**

Постојната повеќегодишна стратегија се состои од три повеќегодишни стратешки цели и пет стратешки акциски области, кои ги одредуваат приоритетите и ресурсите. Стратешките цели се однесуваат на:

- Предмет на работа: Агенцијата функционира како центар на Европската Унија за меѓународна судска соработка и координација помеѓу надлежните органи во случаи на сериозен прекуграничен криминал, преку обезбедување брза и квалитативна поддршка на надлежните органи и зајакнување на оперативната соработка со клучните партнери;
- Креирање на политики: Агенцијата како центар на ЕУ за судска и правна експертиза, придонесува за зајакната меѓународна мерка на судска

[54]Интернетска страница на ФРА
https://fra.europa.eu/en/about-fra/structure/management-board (пристапено на 13.6.2021)
[55]Поглавје 3, член 12, став 6- а од Регулативата за ФРА https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/351-reg_168-2007_en.pdf (пристапено на 13.06.2021)
[56]Регулатива на Европравда
https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32018R1727 (пристапено на 13.6.2021)
[57]Интернетска страница на Европравда
https://www.eurojust.europa.eu/about-us/who-we-are (пристапено на 13.6.2021)
[58]*ibid*
[59] Интернетска страница на Европравда
https://www.eurojust.europa.eu/about-us/what-we-do (пристапено на 13.6.2021)

соработка и политика на кривична правда, за стратегијата за внатрешна безбедност на ЕУ и за мерките во врска со судската соработка по кривични прашања;
- Организациски развој: Агенцијата е динамична и ефективна организација преку обезбедување ефективна организациска структура и процеси и обезбедување одлични комуникациски капацитети.[60]

**Управувачката структура** на Агенцијата се состои од:

- Колеџ и претседателство;
- Извршен одбор и администрација;
- Административен директор.[61]

Годишниот извештај се доставува до Европскиот парламент, Советот, Европската комисија и националните парламенти во земјите членки на ЕУ, кои можат да дадат забелешки и заклучоци за него. Еднаш годишно, Европскиот парламент и националните парламенти се вклучуваат во заедничка проценка на активностите на Агенцијата.[62]

## Мрежа на агенциите за правда и внатрешни работи (Justice and Home Affairs Agencies Network (JHAAN)

Мрежата на агенциите за правда и внатрешни работи (**JHAAN**) има важна улога во Европа, бидејќи преку работата **помага да се осигури дека ЕУ е добро опремена за справување со безбедноста, правдата, основните права и родовата еднаквост.** Агенциите работат на широк спектар на важни области, вклучувајќи миграција и управување со границите, трговија со дрога и борба против организираниот криминал, трговија со луѓе и родова еднаквост. Бидејќи овие области имаат многу заедничко, **мрежата е формирана за меѓусебна соработка и да споделува информации**. **Мрежата вклучува девет агенции: ЦЕПОЛ, ЕАСО, ЕИГЕ, ЕМЦДДА, ЕУ-ЛИСА, ЕВРОЏАСТ, ЕВРОПОЛ, ФРА и ФРОНТЕКС**. Со мрежата претседаваат агенциите, со ротирачка позиција на годишно ниво, како агенција домаќин за таа година. За тековната 2021 година, агенција која претседава со мрежата е Фронтекс. Агенцијата домаќин известува до Постојаниот комитет на Советот за оперативна соработка за внатрешна безбедност (COSI) во врска со напредокот и достигнувањата на мрежата.[63] Во февруари 2021 година, издаден е последниот Извештај за работата на мрежата на агенциите за 2020 година.[64] Во него се резимира дека Мрежата на агенциите за правда и внатрешни работи го одобри својот план за работа 2020 година во

[60] Интернетска страница на Европравда https://www.eurojust.europa.eu/about-us/planning-and-reporting/multi-annual-strategy (пристапено на 13.6.2021)
[61]Интернетска страница на Европравда https://www.eurojust.europa.eu/about-us/organisation (пристапено на 13.6.2021)
[62] Интернетска страница на Европравда https://www.eurojust.europa.eu/about-us/planning-and-reporting/annual-report (пристапено на 13.6.2021)
[63] Интернетска страница на Европравда https://www.eurojust.europa.eu/states-and-partners/eu-partners/jha-agencies-network (пристапено на 13.6.2021)
[64]Извештај за работата на мрежата на агенциите за 2020 година https://www.eurojust.europa.eu/sites/default/files/2021-03/2021_02_15_final_report_jhaan_2020.pdf (пристапено на 14.6.2021)

јануари, и избра две тематски области: **жртви на трговија со луѓе и проценка на мрежата**. Во април 2020 година, **пандемијата ковид-19** и нејзиното влијание врз работата на мрежата на агенциите беше воведена како нова **трета тематска област**. Активностите во врска со жртвите на трговија со луѓе и проценката на мрежата беше ставена во мирување до есента 2020 година. Европравда ќе обезбеди финализирање на приоритетната тема за заштита на жртвите на трговија со луѓе во 2021. За време на претседавањето во 2021 година, Фронтекс ќе продолжи со работата за проценка на мрежата. Планот за работа на мрежата исто така вклучува активности за следење на заедничките изјави потпишани од директорите на агенциите во 2019 година.[65] Детално се разработени тематските области, а како најприоритетна беше тематската област **ковид-19 и процесот на дигитализација**. Други тематски области се: жртви на трговија со луѓе, проценка на **JHAAN** мрежата, основни човекови права, различитост и инклузивност, пристап до јавни информации, односи со европското јавно Обвинителство, управување со ризици, Центарот за иновации во ЕУ за внатрешна безбедност, како и организирање на презентации преку Интернет за подигнување на свеста и идентификување на потенцијалната соработка помеѓу агенциите од мрежата и мрежите поддржани од Агенцијата за кривично- правна соработка.[66] Мрежата **има експертски групи за комуникација, за обуки, за ИТ и безбедност и надворешни работи**.[67] Во Извештајот за работата на мрежата на агенциите, утврдени се и **приоритетните тематски области за 2021 година на мрежата**, и тие се:

- Мрежата станува „зелена“;
- Дигитализација.

Овие тематски области се резултат на утврдената Агенда на Европскиот совет 2019-2024 кон **климатски неутрална, зелена, праведна и социјална Европа и водечкиот политички приоритет на Европската комисија за здрава планета, според стратегијата за раст - Европски зелен договор.** Според Фронтекс, мрежата на специјалните агенции на ЕУ може сè повеќе да придонесе за остварување на целите за зелена животна средина и заштита на животно опкружување.[68]

---

[65]Страна 3 од Извештајот за работата на мрежата на агенциите за 2020 година https://www.eurojust.europa.eu/sites/default/files/2021-03/2021_02_15_final_report_jhaan_2020.pdf (пристапено на 14.06.2021)

[66] Страна 3 и 4 од Извештајот за работата на мрежата на агенциите за 2020 година https://www.eurojust.europa.eu/sites/default/files/2021-03/2021_02_15_final_report_jhaan_2020.pdf (пристапено на 14.06.2021)

[67] Страна 15, 16 и 17 од Извештајот за работата на мрежата на агенциите за 2020 година https://www.eurojust.europa.eu/sites/default/files/2021-03/2021_02_15_final_report_jhaan_2020.pdf (пристапено на 14.06.2021)

[68] Страна 20 од Извештајот за работата на мрежата на агенциите за 2020 година https://www.eurojust.europa.eu/sites/default/files/2021-03/2021_02_15_final_report_jhaan_2020.pdf (пристапено на 14.06.2021)

Изработила: Александра Стојановска Бизевска

Одобрила: Ева Јованова

Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

______________________________

Златко Атанасов

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1.Интернетска страница на Фронтекс
https://frontex.europa.eu/about-frontex/legal-basis/
2.Публикација „Правда на ЕУ и агенции за внатрешни работи 2018“
https://frontex.europa.eu/assets/Publications/General/JHA_agencies.pdf

3. Регулатива на ЕАСО
https://eurlex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2010:132:0011:0028:EN:PDF
4. Интернетска страница на Европска унија- ЕУ-Лиса
https://europa.eu/european-union/about-eu/agencies/eu-lisa_en
5. Интернетска страница на ЕУ-ЛИСА
https://eulisa.europa.eu/About-Us/Organisation
6. Регулатива на ЕУ, бр. 1077/2011 година на ЕУ- ЛИСА
https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32018R1726
7. Регулатива бр. 1922/2006 на ЕИГЕ
https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?qid=1435768861022&uri=CELEX:32006R1922
8. Интернетска страница на ЕИГЕ
https://eige.europa.eu/about
9. Интернетска страница на ЕМЦДДА
https://www.emcdda.europa.eu/drugs-library/regulation-ec-no-19202006-european-parliament-and-council-12-december-2006-european-monitoring-centre-drugs-and-drug-addiction-recast
10.Интернетска страница на Европска Унија (ЕМЦДДА)
https://europa.eu/european-union/about-eu/agencies/emcdda_en
11. Регулатива (ЕЗ) бр. 1920/2006 година на ЕМЦДДА
https://www.emcdda.europa.eu/system/files/attachments/12569/emcdda-recast-founding-regulation-2006.pdf
12.Регулатива на ЕУ за регулирање на ЦЕПОЛ
https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32015R2219&from=EN
13. Интернетска страница на ЦЕПОЛ
https://www.cepol.europa.eu/who-we-are/european-union-agency-law-enforcement-training/about-us
14. Публикација на ЦЕПОЛ
https://www.cepol.europa.eu/sites/default/files/CEPOL_Leaflet_2020.pdf
15. Регулатива (ЕУ) 2016/794 на Европскиот парламент и на Советот за ЕВРОПОЛ
https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?qid=1479897160399&uri=CELEX:32016R0794
16. Интернетска страница на Европска Унија (ЕВРОПОЛ)
https://europa.eu/european-union/about-eu/agencies/europol_en
17. Интернетска страница на ЕВРОПОЛ
https://www.europol.europa.eu/about-europol/our-thinking
18. Регулатива (ЕЗ) бр. 168/2007 на ФРА
https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/351-reg_168-2007_en.pdf
19. Интернетска страница на ФРА
https://fra.europa.eu/en/about-fra/who-we-are

20. Интернетска страница на ЕУ – ФРА
https://europa.eu/european-union/about-eu/agencies/fra_en
21.Регулатива на Европравда
https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32018R1727
22. Интернетска страница на Европравда
https://www.eurojust.europa.eu/about-us/who-we-are
23. [1]Извештај за работата на мрежата на агенциите за 2020 година
https://www.eurojust.europa.eu/sites/default/files/2021-03/2021_02_15_final_report_jhaan_2020.pdf


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384